Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 30.01.2020

На 29.01.2020 околу 23 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Србија", во близина на крстосницата со ул.„Христо Татарчев", возило „фолксваген кади", со скопски регистарски таблички, управувано од Б.Г.(70) од Скопје, удрило во бетонска ограда. Во незгодата на местото на настанот починал возачот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 29.01.2020 во 13.00 часот било пријавено дека на ул.„Борис Кидрич" во Кичево товарно возило „мерцедес", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Ц.С.(60) од Кичево, удрило во пешак Д.Д.(63) од Кичево. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Медицинскиот центар Кичево за ужасрна помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 30.01.2020 во 02.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Филип Втори Македонски" го лишиле од слобода И.Љ.(23) од Куманово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 околу 22.50 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.М.(39) од Тетово и Н.Н. (19) од тетовско Рогле, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 во 14.25 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Горче Петров го лишиле од слобода О.М.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.01.2020 околу 01.00 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Х.С.(20), Д.Ц.(20), Ј.М.(18) и 16-годишник, сите од тетовско Сарајно, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и ризли. Тие биле приведени и по целосно документирање на случајот ќе им биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 околу 14.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, во гостиварската населба „Фазанерија" ја привеле 37-годишната А.Д. од Неготино, осудена на затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба". А.Д. била спроведена во Казнено-поправната установа „Идризово" во Скопје за издржување на казната затвор.

На 29.01.2020 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на регионалниот пат Скопје-Тетово го лишиле од слобода Н.Г.(30) од С.Арачиново, скопско, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден пиштол „Сир Сауер" со две ранки и 15 куршуми. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 во 16.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром - Скопје" од слобода бил лишен Ц.С.(69) од с.Чајле, гостиварско, затоа што при проверка било констатирано дека се наоѓа на листата со мерка „алси", по барање на Полициската станица Гостивар, за сторено кривично дело „лесна напад врз дете", по член 188 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 29.01.2020 во 22.45 часот на магистралниот пат Струмица-Радовиш, во близина на бензинска пумпа кај с.Владевци, полициски службеници дадоа знак за запирање на патничко возило „опел ректра", со тетовски регистарски ознаки, сопственост на Ш.С.(30) од с.Слатино, тетовско, но возилото не застанало, по што удрило во бетонски ѕид на бензинската пумпа. Поради тоа, возачот и совозачот го напуштиле местото на настанот, а полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Исток и СВР Струмица во возилото пронашле осум лица мигранти (деца од Сирија, тројца од Авганистан и четворица од Иран). За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Струмица. Мигрантите се сместени во Прифатен центар за странци „Гази Баба" и Привремен транзитен центар „Виноју" Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Полициски службеници од СВР Битола на 29.01.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување правенство. Притоа, констатирано е дека пет возачи разговараат на мобилен телефон, а седум други возачи не поседуваат возачка дозвола. Еден возач управувал нерегистрирано возило, додека кај двајца возачи констатирано е присуство на алкохол и истите се отстранети од сообраќај. Еден возач ја надминал максималната дозволена брзина. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 29.01.2020 во 13.55 часот во Полициската станица Бит Пазар, М.М.(29) од Куманово приајвил дека на бул.„Крсте Мисирков" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на 29.01.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при кои во сообраќај се исклучени: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и еден возач поради бидејќи било нерегистрирано. Санкционирани се и еден возач поради пониницање на крстосница на црвено светло и 13 пешаци. Во текот на изминатиот ден 53 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 29.01.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.М.(25) од Скопје пријавила дека на ул.„Бојмија" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.
На 29.01.2020 во 13.15 часот во СВР Скопје, Ф.С. пријавил дека на бул. „Крсте Мисирков", во круг на пазарот „Бит пазар", бил физички нападнат од еден лице, кое го удрило со пиштол. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 14.56 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" бил доведен Ј.Ц.(20) од с.Батинци, скопско, со повреда од прострелна рана. По кажување на повредениот, тој додека бил заедно со Л.Г.(28) од Р.Албанија во близина на бензинска пумпа на бул.„Гоце Делчев", настанала расправија со еден непознато лице, кое со пиштол пукало кон него и го повредило, по што тој го одзел пиштолот и со патничко возило „фолксваген поло", без регистарски ознаки, со Л.Г. се упатиле во болницата. Спорот негово кажување, на бул.„Гоце Делчев" го фрлиле пиштолот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 околу 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во двор од куќа на ул.„Китка", поради меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.В.(27) и И.М.(26), двајцата од Скопје, од една страна и А.В.(25) од Скопје од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 13.15 часот во СВР Скопје, М.А.(37) од с.Долно Свиларе, скопско, пријавил дека на 27.01.2020 околу 13.30 часот во с.Сарај, неговиот 17-годишен внук од с.Долно Свиларе бил физички нападнат од М.А., А.Ц., Ф.А., О.Д. и Ј.Е. сите од с. Кршопек. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 21 часот на ул.„НА" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга од слобода го лишиле М.Ш.(25) од Струга, затоа што при преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. По тој пријавен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.01.2020 во 13.30 часот во СВР Скопје, П.Е.(43) од Скопје пријавила дека била измамена од еден лице за сума од 10.000 евра. Според пријавената, на 28.01.2020 во 16.30 часот на домашниот телефон на Јаснија женско лице, и се претставило како нејзина керка, ја известила дека направила сообраќајна незгода и ја прашала колку пари имаат дома. Исто така, според пријавената, веднаш потоа разговорот го продолжил друго лице, кое и кажало дека нејзината керка во сообраќајна несреќа прегазила девојче од Албанија, кое починало, поради што керка ѝ требала да оди во затвор од пет до 15 години. Поаи тоа, според пријавената, таму дошло пред нејзиниот дом, по што П.Е. му дала 10.000 евра. Таа утврдила дека е измамена откако се слушнала со нејзината керка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 17.30 часот во СВР Скопје, А.М.(40) од Скопје пријавила дека во основно училиште на ул.„Срекко Пужалка", по претходна расправија, била физички нападната од С.Т.(65) од Скопје, вработен како чувар во училиштето. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоите против јавниот ред и мир.

На 29.01.2020 во 19.10 часот во СВР Скопје, Н.Н.(24) од Скопје пријавил дека на бул.„Партизански одреди", по вербална расправија, еден лице се обидело да го нападне со нож и му упатувало закани. Полициски службеници излегле на местото и утврдиле дека станува збор за С.Х. од Германија, со регулиран престој во Скопје, кој бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 во 18.10 часот во Полициска станица Горче Петров, М.Г.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Ацо Шопов" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 29.01.2020 во 18.20 часот, 39-годишен жител на гостиварско село пријавил дека наставникот (54) ја повикал неговата малолетна керка во празна училница во училиштето во кое учи, ја гушнал и ја бакнал. Наставникот бил задржан во СВР Гостивар за понатамошна постапка и за целосно расчистување на настанот.

На 29.01.2020 во 17.30 часот во СВР Битола, С.М.(57) од Битола, раководител на сектор за општи и правни работи во Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Република Северна Македонија, пријавила дека во оброт – јанија, кој се водени под пресмета заштита и културно наследство и сопственост на Р.С.Македонија, со кој стопанисува акционерското друштво, од страна на Исламската верска заедница е извршено оштетување или уништување на добра под привремена заштита на културно наследство или природни реткости со започнато отстранување на кровот од наведениот објект. Во консултација со ОЈО, ќе бде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2020 околу 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Новопрстирана" во нас.Горче Петров, настанал пожар во напуштена барака. Пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 29.01.2020 во СВР Тетово било пријавено дека во периодот од 17.00 часот до 22.00 часот до 06.10 часот на 29.01.2020 непознат стоорел со употреба на сила влегол во просторите на основно училиште во с.Ново село, тетовско, при што одзел два компјутера. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 13.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека во финансиско друштво на ул.„Иво Лола Рибар" еден лице со закана со пиштол од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2020 околу 01.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул. „Петар Поп Арсов" во Штип настанал пожар во механичарска работилница во дворот од куќата на Ј.С.(47). Пожарот бил изгаден од сопственикот на објектот, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.К.Ј.(30) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 07.10.2019 во Чашка, со товарно возило „сканија ", управувано од Т.О., а во сопственост на приајвениот, вршел јавен превоз на огревно дрво, без лиценца од надлежна институција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против В.А. (55) од с.Едино Конче, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 12.12.2019 во с.Едино, полициски службеници сопреле товарно возило „мерцедес", во сопственост на Б.А. од с.Тиајник, а управувано од приајвениот, кој превезувал огревни дрва без лиценца за превоз од надлежна институција.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.И.(28) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.04.2019 во Тетово полициски службеници, при вршење редовни работни активности, извршиле преглед и пронашле марихуана за која било утврдено дека му припаѓала на приајвениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.Х.(24) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.10.2019 на ул.„Партизански одреди" во Кичево полициски службеници извршиле преглед на приајвениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

Единицата за внатрешни работи, Одделение за криминалистички работи – Чаир до Основно јавно обвинителство Скопје поднесе кривични пријава против Ф.А.(36) од Скопје и А.Ј.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело „разбојништво" и против Б.А.(29) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека извршил кривично дело „соизвршителство". На 21.10.2019, пред и второпријавениот влегле во просторијата каде живее С.Д.(51) и со употреба на сила да него одзеле пари. Тие го изврабиле оштетениот откако биле известени од Б.А. дека оштетениот има поголема сума на пари дома. При разговор со полициски службеници приајвените го признале делото.



Сајтот е изработен согласно на веб страницата на МВР и кажува по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.„Даме Мијачев бр.9, 1000 Скопје
тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Уникат